

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Во 1975 година, на 24 мај во Рим, во базиликата „Свети Климент Римски”, македонскиот народ и Македонската православна црква го прославија и му заблагодарија на свети Кирил Солунски, кој јазикот на нивните предци го удостои во писменото кажување и токму со тој јазик им даде можност на македонскиот и на сите словенски народи за писмено разбирање и молитви. А оддавањето почит и изразувањето благодарност за делото коешто двајцата Солунски браќа ги издигна на ниво на светители почна со пеењето на тропарот на светите Кирил и Методиј на македонски јазик.

На гробот на свети Кирил Солунски беше шефот на делегацијата на Македонската православна црква, митрополитот американско-канадски и австралиски г. Кирил, заедно

со членовите: протојереј-ставрофор Методи Гогов и протоѓаконот Александар Цандовски.

Во молебенот на гробот на свети Кирил Солунски, во базиликата *„Свети Климент Римски* ” учествуваа протојереите-ставрофори Цветко Крстевски, архијерејски наместник од Прилеп, Дамјан Поповски, архијерејски наместник од Тетово, Кирил Николов, старешина на скопската црква *„Свети Ѓорѓи”* во Чаир и протојерејот Васил Поповски, парох при црквата „ *Света Недела’* во Битола, како и хорот на битолската црква „ *Свети Димитриј”.*

Крај гробот беа и претставници на повеќе понтификални просветни институции во Рим и мноштво поклоници од СР Македонија. Делегацијата од културата на СР Македонија ја сочинуваа г. Живко Василевски, републички секретар за култура, како шеф на делегацијата, а членови беа мецосопранот Милка Ефтимова , виолончелистката Душка Тасева и пијанистката Јасминка Чакар, кои, за разлика од претходните години, имаа мошне скромна програма за манифестацијата ‚Денови на македонската култура” во Рим, што се одржа од 21 до 25 мај 1975 година.

Според податоците во делото *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим”,* од авторите д-р Вера Стојчевска – Антиќ, Славе Николовски – Катин и викарниот епископ хераклејски Климент, било донесесено следното решени:

Имено, почнувајќи од 1978 година, со одлука ма Меѓурепубличкиот координационен одбор за културна и просветна соработка на СФРЈ со странство, досегашната манифестација „Денови на македонската култура”, беше заменета со пошироката манифестацијапод наслов „Југославија во чест на свети Кирил” , која воиднина треба да го прикажува творештвото на југословенските народи.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**